Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-549/3
22-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-549/1 од 09.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, за извршена дискриминација и вознемирување врз основа на национална и етничка припадност од страна на Општина Василево, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставка број 08-549/1 од 09.08.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште на [redacted] во Скопје, **поради повлекување на претставката од страна на подносителот.**

### Образложение

На 09.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација и вознемирување врз основа на национална и етничка припадност од страна на Општина Василево.

Во поднесената претставка се наведува дека според податоци од последниот попис во државата, во Општина Василево живеат вкупно 10.552 граѓани од кои 6831 од македонска национална припадност, 2251 од турска национална припадност, 27 од ромска и 3 граѓани од албанска национална припадност. Општината според подносителот не ја исполнува уставната обврска за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, односно не ја исполнува ваквата обврска земен предвид процентот на вкупно население во општината и бројот на граѓани со турска наионална припадност. Ова го утврдува како резултат на поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер преку кое подноситгелот дошол до податок дека во општината од вкупно 24 вработени само 1 лице е припадник на турската етничка заедница што претставувало 4.16% од вкупниот број на население. Ваквата пракса ги ставала сите граѓани од туркса национална припадност во нееднаква положба во однос на другите заедници во земјата и и го рушела достоинството на

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

втората по големина заедница во Општина Валандово. Следствено се вршела дискриминација врз основа на етничка и национална припадност на оваа група граѓани.
Воедно, според наводите општинската администрација во целост не ги исполнувала обврските кои произлегувале од употребата на јазиците на граѓаните кои претставуваат над 20% од вкупното население во одредена општина, односно по сила на закон според подносителот турскиот јазик треба да биде службен јазик на цела територија на Општина Василево. За разлика од ова општината ја немала преведено службената веб страна на турски јазик, на седниците на Советот на општината материјалите не се преведувале на турски јазик, називите на институциите и канцелариите, табли и огласни табли не биле напишани на турксi јазик итн. Со ова сите граѓани од турска националност кои живееле во оваа општина биле ставени во подредена, непријателска и омаловажувачка состојба во однос на мнозинското население па следствено според подносителот кон овие граѓани е сторено и вознемирување.

По ова од страна на подносителот на претставката, [redacted] од Скопје, на 12.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставен е Поднесок број 08-549/2 за повлекување на поднесената предметна претставка.

Врз основа на гореизнесеното, а согласно член 27 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", број 258/20) со кој е утврдено дека: ***"Комисијата носи заклучок за неповедување или запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето."*,** Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
21.08.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива